Македонија денес, 13.12.2000, 16

 Македонија денес 13.XII.2000 

## СЕ МЕРИ ЛИ ВРЕМЕТО?

*Вечерва, во Музејот на современа уметност, со почеток во 20 часот, Центарот за современи уметности од Скопје и Универзитетот од Данди, Шкотска, кој функционира како визуелен истражувачки центар, ќе ја отворат изложбата под наслов „Тик так ток“, која се состои од две поставовки на уметнички часовници и временски машини. Вториот дел од проектот ќе биде реализиран во Данди*



# Времето - илузија на реалноста

„Тик так ток“ претставува обид на уметници од Македонија и Шкотска да креираат дела поврзани со идеите за мерењето на времето. Истовремено, група теоретичари ќе работат на текстови врзани со темата, кои ќе се објават во каталогот по повод втората изложба, која ќе се одржи во Данди.

Учесници во проектот, од Шкотска се Ли Кокс, кој го понуди оригиналниот концепт за изложбата, Пол Дигнан, Кевин Хендерсон и Стив Фелк, а од Македонија учествуваат уметниците: Искра Димитрова, Дејан Спасовиќ, Оливер Мусовиќ, Александар Здравковски, Стефан Шашков и Никола Велков.

„Со реализацијата на овој проект почнавме уште минатата година, кога Леи Кокс присуствуваше на минатогодишниот саем Сеафаир. Тој го забележа часовникот на старата железничка станица, кој стои „вкочанет“ од времето на големиот земјотрес во 1963 година. Инспирирани од часовникот, дојдовме до идеја да направиме проект за времето. Сакаме да го разгледаме феноменот на времето во концептуална, научна и уметничка смисла. Оваа изложба функционира како соработка меѓу Универзитетот во Данди, односно лабораторијата за визуелизација и Центарот за современи уметности од Скопје. Проектот е поделен на два дела. Првиот се отвора вечерва, во Музејот на современа уметност, додека другиот дел ќе биде отворен следнава година од 27 април до 23 мај во Данди“, најавува **Мелентие Пандиловски**, директор на Центарот за современи уметности.

„Иницијална идеја на овој проект е да доживее своевидна експанзија во повеќе земји од светот. Отворањето на поставовката, вечерва, во Скопје, е пилот-верзија, која ќе се обидеме да ја доусовршиме со продолжување на проектот во Данди. Потоа изложбата, најверојатно, ќе патува во Франција и во Јапонија. Секаде каде што ќе го реализираме проектот ќе вклучуваме уметници од тие земји, практично, тој претставува една снежна топка, која со ротирање станува сè поголема. Направивме проект за времето како уметничка и научна категорија“, вели **Ли Кокс**.

„Во проектот се инволвирани и сублимирани различните потенцијали на уметници со слични и поинакви уметнички ангажмани и критериуми, каде видеоинсталациите, сликите, перформансите, скулптурите го искажуваат уметничкиот израз и заедно креираат висока уметничка форма. Уметниците го прикажуваат и раскажуваат општото време денес или, пак, своето сегашно време“, вели **Кевин Хендерсон**.

Ивана **ТАСЕВ**